ПРЕДМЕТ: Коментари и предлози во врска со предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри објавен на ЕНЕР;

**Член 98 ст.3 пропишува:**

*„Лиценца за производител, сопственик или овластен корисник на интернет игри на среќа се издава за период од четири години, а лиценцата за приредувач на интернет игри на среќа се издава за период од пет години.“*

<u>Коментар на законската одредба:</u>

Согласно пропишаното, би се создал вакуум период помеѓу важноста на лиценaта за производител и лиценцата за приредувач иако тие се непремостливо поврзани една со друга. Целта на законодавецот би требало да биде создавање на што е можно поповолни услови за домашниот пазар да привлече што поголем број производители за софтвер за приредување на игри на среќа кои пак, би се натпреварувале да излезат на пазарот со што поквалитетен производ, а тоа во секој случај би било на краен бенефит на учесниците во игрите на среќа.

Од друга страна, мора да се земе во предвид дека ако лиценцата за производител трае 4 години, приредувачот кој прибавил право на користење на софтверот за приредување во најдобар случај, во пракса би добил нешто повеќе од 3 години, а со тоа се става во неповолна положба, станувајќи зависен од можноста или економската оправданост на производителот да ја обнови лиценцата. Исто така, кога производителот би ја обновил лиценцата, останува зависен од можноста или економската оправданост на приредувачот да ја обнови лиценцата.

Следствено на погоре напишаното, предлагаме две опции на измена на наведениот член 98 ст.3 и тоа:

1. Важноста на лиценцата за производител да биде со важност од 6 години и износот на лиценцирање да се намали и во најмала рака да соодветствува на износот пропишан согласно развиените законодавства во светот, каде на пример во Романија изнесува 36.000 евра за 6 години како и во Обединетото Кралство се движи од 33.500 евра до 45.000 евра за 6 години, или
2. Да се разгледа и усвои метод на годишно лиценцирање како што е и востановена пракса во најголемиот број на законски регулативи за игри на среќа, како на пример во Романија каде е предвидена годишна лиценца (Лиценца Класа 2 – Class 2 B2B license) за производител која изнесува 6000 евра, или пак Обединетото Кралство каде лиценците исто така се плаќаат на годишно ниво со таа разлика што постојат прогресивни стапки за висината на износот на лиценцата и тоа засебно за производителите на софтвер за

платформа за приредувачи на игри на среќа - *табела 1* и засебно за производителите на самите игри на среќа, односно содржината на платформата (анг. Content Provider) - *табела 2* согласно реализираниот промет на годишно ниво според табелите прикажани понатаму.

**Член 101 ст.3 пропишува:**

*„Носителот на лиценцата за производител плаќа надоместок за издавање на лиценцата во износ од 100.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.“*

Коментар на законската одредба:

Предложениот износ за надоместокот за издавање на лиценца не става помеѓу најскапите регулирани пазари и следствено не прави непривлечни согласно големината на македонскиот пазар, што заедно со наведените услови од член 98 ќе придонесе за неконкурентност и развој на нелегален пазар, а со тоа и одлив на средства од нашата држава.

За споредба, во *табела 1* и *табела 2* се прикажани прогресивните стапки за износот на годишна лиценца во Обединетото Кралство зависно од приходот кој тоа трговско друштво го остварило како производител на игри на среќа од двете категории: производител на софтвер – платформа за приредување игри на среќа и производител на софтвер – игри на среќа кои се поставуваат на платформата (извор: https://www.gamblingcommission.gov.uk)

| **Табела 1 - Производител на софвер - платформа** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Годишен износ | | | | | | | | |
| **Категорија на износ** | **F1** | **G1** | **G2** | **H1** | **I1** | **J1** | **K1** | L1 |
| **Годишен бруто приход од игри на среќа** | до 634990 евра | од 634.990 евра до 2.309.054 евра | од 2.309.054 евра до 6.349.900 евра | од 6.349.900 евра до 28.863.186 евра | од 28.863.186 евра до 115.452.744 евра | од 115.452.744 евра до 288.631.860 евра | од 288.631.860 евра до 634.990.093 евра | од 634.990.093 евра до 1.154.527.443 евра |
| **Годишен износ** | 3.115 € | 7.461 € | 10.902 € | 15.303 € | 40.872 € | 78.368 € | 156.923 € | 445.145 € |

| Табела 2 - Производител на софвер - игри на среќа (Content Provider) | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Годишен износ | | | | | | | | |
| **Категорија на износ** | **F1** | **G1** | **G2** | **H1** | **I1** | **J1** | **K1** | L1 |
| **Годишен бруто приход од игри на среќа** | Помалку од 634990 евра | од 634.990 евра до 2.309.054 евра | од 2.309.054 евра до 6.349.900 евра | од 6.349.900 евра до 28.863.186 евра | од 28.863.186 евра до 115.452.744 евра | од 115.452.744 евра до 288.631.860 евра | од 288.631.860 евра до 634.990.093 евра | од 634.990.093 евра до 1.154.527.443 евра |
| **Годишен износ** | 2.331 € | 5.583 € | 8.158 € | 11.452 € | 30.584 € | 58.642 € | 117.424 € | 333.100 € |

Од горенаведеното, неспорно произлегува дека предвидениот износ од 100.000 евра е во целост несоодветен споредбено со големината на пазарот на игри на среќа во РСМ. Како резултат на истиот, пазарот на игри на среќа во РСМ би станал крајно непривлечен за било кој производител на софтвер за приредување на игри на среќа со што и би се елиминирала и пазарната конкуренција на производители на софтвер.

**Член 103 ст.1 пропишува:**

*„Лиценца за приредување на интернет игри на среќа се издава на барател, со цел истиот да може да ги приредува сите видови на игри на среќа преку глобалната интернет мрежа.“*

**Член 98 ст.4 пропишува:**

*„Барање за добивање на лиценца за приредување на интернет игри на среќа може да поднесе трговско друштво, кое е регистрирано во Република Македонија, кое има основна главнина од најмалку 500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата и кое ги исполнува посебните услови пропишани со овој закон за оној вид на лиценца за интернет игри на среќа за кој се поднесува барањето“*

**Член 7 ст.4 пропишува:**

*„Лотариските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, Република Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина“*

Коментар на законските одредба:

Во врска со наведените законски одреди потребно е да се разјасни дали трговското друштво од член 98 ст.4, во кое РСМ не е содружник со удел поголем од 51% (согласно член 7 ст.2) има право да приредува лотариски игри на среќа. Воедно, нужно е законодавецот да го допрецизира член 7 во однос на тоа кој сѐ има право да приредува интернет игри на среќа и точно да дефинира кои од општите и посебните игри на среќа има право да ги приредува бидејќи моменталната поставеност на законот се судира со член 103 ст.1 каде стои дека трговското друштво има право да ги приредува сите видови игри на среќа преку глобалната интернет мрежа.

**Член 103 ст.2 пропишува:**

*„Носителот на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа плаќа надоместок за издавање на лиценцата во износ од 250.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.“*

Коментар на законската одредба:

Надоместокот пропишан со овој член заедно со важноста на лиценцата од 5 години за приредувач пропишана во член 98 ст.3 повторно не става во најскапите регулирани пазари. Во *табела 3* е направена споредба со неколку други развиени регулирани пазари која укажува на горенаведеното.

| Табела 3 - Споредба на регулирани пазари | | | |
|---|---|---|---|
| Земја | Население | Пазар (годишно) | Лиценца (5 год.) |
| Обединето Кралство | 66.600.000 | 6.800.000.000 € | 225.000,00 € |
| Шведска | 10.200.000 | 2.300.000.000 € | 195.000,00 € |
| Швајцарија | 8.500.000 | 900.000.000 € | 92.500,00 € |
| Холандија | 17.200.000 | 1.300.000.000 € | 225.000,00 € |
| Шпанија | 47.000.000 | 748.500.000 € | 190.000,00 € |

Од горенаведеното, повторно неспорно произлегува дека предвидениот износ од 250.000 евра е во целост несоодветен споредбено со големината на пазарот на игри на среќа во РСМ, па затоа предлагаме законодавецот да се угледа на востановената пракса на најголемиот број на законски регулативи за игри на среќа во светот.

**Член 104 ст.1 точка 5 пропишува:**

„*бројот на вработени лица да биде не помалку од* ***300 вработени***“

Коментар на законската одредба:

Мора да се забележи дека самата природа на приредувањето на интернет игри на среќа е специфична и бара стручен и специјализиран кадар и во многу случаи одделните аспекти од работењето се доделуваат на надворешни соработници/компании кои се тесно специјализирани во соодветната област – маркетинг, платежни сервиси, одржување на софтвер и хардвер, закуп на хардвер и сл., а се со цел исполнување на условите пропишани од овој закон и обезбедување на максимална заштита на учесниците во игрите на среќа.

Со вака пропишан член и со точка 6 од истиот член се отвора можност за директно или индиректно доведување во предност на едни веќе лиценцирани приредувачи пред други, што пак ја намалува конкуренција и разновидноста на пазарот на игри на среќа и неизбежно ги прави нелегалните приредувачи достапни и привлечни за учесниците на игри на среќа од нашата држава.

**Ограничување од ваков вид не постои во ниту еден регулиран пазар за игри на среќа во светот.**

Согласно горенаведеното предлагаме овој член да се избриши од законот бидејќи чл.104 ст.1 точка 4 веќе доволно го ограничува пазарот и дава право на барање за лиценца за приредувач на интернет игри на среќа само на веќе лиценцирани приредувачи во нашата држава.

**Член 104 ст.1 точка 6 пропишува:**

*„да остварува **годишен приход** од игри на среќа **не помалку од 10.000.000,00 евра**“*

Коментар на законската одредба:

Сметаме дека е неопходно законодавецот да дополни и прецизира што сѐ се засметува како приход кај различните видови на приредувачи на игри на среќа и за кој пресметковен период ќе однесува истиот, поточно, која година би била земена како показател за приход имајќи во предвид дека работата во претходната 2020 година се одвиваше во услови на пандемија кои сеуште траат.

**Член 108 ст.3 пропишува:**

*„Условите за приредување на интернет игри на среќа кои се приредуваат во соработка со приредувачи на интернет игри на среќа со други држави се пропишуваат со правилата на игрите на среќа на кои согласнот дава Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за финансии.“*

Коментар на законската одредба:

Имајки го во предвид фактот дека најголемиот број од интернет игрите на среќа во РСМ би се приредувале во соработка со производители на игри на среќа (провајдери на содржина) од други држави кои би ја поставиле содржината на веќе лиценцирана платформа во РСМ, сметаме дека е неопходно законодавецот да се изјасни и прецизира во однос на нивниот статус, односно дали и тие спаѓаат во категоријата на производител, сопственик или овластен корисник кој треба да побара лиценца за производител и кои услови би требало да ги исполнат за добијат сертификат. Во случај да секој производител на содржина за приредување игри на среќа (провајдер) треба да се лиценцира како производител во РСМ, а земајќи ја во предвид големината на нашиот пазар висината на износот на лиценцата, ова ќе придонесе за многу мала понуда и неконкурентност на лиценцираните приредувачи и одлив на средствата на домашните учесници кон надворешни, нелегални пазари.

**Член 124-а пропишува:**

*„Операторите на јавните комуникациски мрежи и на јавно достапните услуги за електронска комуникација, како и правни и физички лица кои по основ на посебни прописи поставуваат, употребуваат или даваат на користење електронска комуникациска мрежа или нудат услуги за електронска комуникација на територијата на Република Северна Македонија (понатамошниот текст: Оператори), се должни да оневозможат пристап кон IP адресите на приредувачите на интернет игри на среќа кои не поседуваат лиценца издадена од страна на Владата на Република Северна Македонија.“*

Коментар на законската одредба:

Ако се земе во предвид дека повеќето регулирани пазари веќе спроведуваат оневозможување на пристап кон IP адресите на нелиценцираните приредувачи, но без многу успех, а за примери може да се наведат:

1. Шведска каде и покрај IP оневзможувањето, околу 27% од домашниот пазар се одлива кон нелиценцирани приредувачи
   извор: https://totallygaming.com/news/casino/sweden-sees-offshore-gaming-market-grow-regulated-operators-struggle
2. Обединетото Кралство каде што одливот кон нелиценцирани приредувачи изнесува 20% од домашниот пазар,

како и персоналниот данок на доход од 15% за добивки од игри на среќа кој е најголемата причина за одливот на домашните учесници во игрите на среќа, законодавецот мора да дејствува за да се прошират методите за заштита на домашниот буџет и домашните приредувачи со следните чекори:

- **барање за ГЕО-блокирање кон нелиценциранте оф-шор приредувачи,**
- **барање кон домашните банки за оневозможување на дојдовни и појдовни платежни трансакции кон нелиценцирани оф-шор приредувачи на игри на среќа,**
- **забрана за рекламирање од секаков вид на нелиценцираните приредувачи на територијата на РСМ.**